// СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 17 Април 2007 година<br>Службен гласник број 6<br>Овој примерок чини 100 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |
| --- | --- | --- |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" – ПРИЛЕП ВО 2006 ГОДИНА**

1. Решението за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП "Водовод и канализација" – Прилеп во 2006 година , се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1017/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
17.04.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/2002, 40/2003 и 49/2006), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата , одржана на 16.04.2007 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп за 2006 година

1. Се дава согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП "Водовод и канализација" Прилеп за 2006 година.
2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 1011/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
16.04.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СЕПАРАТИВНА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА НА ДЕЛНИЦА ОД УЛ."АРХИМЕДОВА", ОД ОПШТИНА ПРИЛЕП НА ЈКП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" – ПРИЛЕП**

1. Одлуката за пренесување на правото за управување со сепаративна канализациона мрежа на делница од ул.”Архимедова”, од Општина Прилеп на ЈКП “Водовод и канализација” – Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1017/3
17.04.2007 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 22 ст. 1 т. 4 и член 36 ст.1 т.10 од Законот за Локална самоуправа (Сл. весник на Р.М. бр. 5/02) и член 14 т.4 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 16.04.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ со *Сепаративна канализациона мрежа на делница од улица”Архимедова”* од Општина Прилеп на ЈКП “Водовод и канализација”**

Член 1

Правото за управување со сепаративната канализациона мрежа на делница од улица “Архимедова”, се пренесува од Општина Прилеп на ЈКП “Водовод и канализација” од Прилеп

Член 2

Се задолжува ЈКП “Водовод и канализација” Прилеп во согласност со соодветните стандарди и нормативи да управува со именуваната мрежа.

Член 3

Примопредавањето на објектот ќе се изврши помеѓу Општина Прилеп и ЈКП “Водовод и канализација” Прилеп, со составување записник кој ќе го потпишат двете страни , а кој ќе биде дел на оваа одлука.

Член 4

Одлуката стапува во сила во рок од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Прилеп

Број 07 -1011/4
16.04.2007 год.
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦАРТ – ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УАЕ БРОЈ 4, ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 4/1 – НАСЕЛБА “ТРИЗЛА” ВО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за утврдување Нацарт – Детален урбанистички план за УАЕ број 4, дел од урбан блок 4/1 – Населба “Тризла” во Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1017/4
17.04.2007 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 16.04.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување Нацрт Детален урбанистички план за УАЕ бр.4, дел од Урбан блок 4/1 – населба “Тризла” , во Прилеп**

**Чл.1**

**Се утврдува Нацрт на Деталниот урбанистички план за УАЕ бр.4,дел од Урбан блок 4/1- населба “ Тризла”, во Прилеп** , како што е означено во графичките прилози кои се стоставен дел на оваа Одлука (во натамошниот текст: Планот).

**Планот го опфаќа локалитетот со следните граници:** од североисток осовините на улиците “Дебарца”,”Раде Ивановски”,”Маркови Кули”и “Врањска”, од Југоисток улиците “Беровска” и “Тризла”,од

југозапад граница е улицата"Београдска"и од северозапад улиците"Београдска" и "Дебарца".

**Вака определениот блок е со површина од 9,51 ха.**

**Чл.2**

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

**1.-ДУП за УАЕ бр.4,дел од Урбан блок 4/1,**населба "Тризла" - 'фаза Нацрт План изработен од ,,Перкан Проект" ДООЕЛ од Прилеп,**техн.бр.6/2007, од Февруари 2007год.**

**А.ОПШТ ДЕЛ**

1.Насловен лист
2.Содржина
3.Регистрација на проектанска организација
4.Лиценца на проект.орг.за исработув.на урб.планови
5.Лиценца за носителот за израб. на урб. Планови
6.Проектанти кои учествуваат при изработката на ДУП

**Б. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**-Текстуален дел**

Документациона основа(анализа на постојна состојба

Вовед
6.1.Граница и површини
6.2.Теренски испитувања

А. Домување
Б. Мали комерцијални и деловни дејности
Ц. Јавни институции В5(Муслимански гробишта)
Д. Водотеци
Е. Слободни површини
Ф. Инфраструктура
Г. Сообраќај
Х. Водовод и канализација
И. Електроенергетска инфраструктура
Ј. Заклучок од документационата основа
К. Табеларни билансни показатели

**-Графички прилози**

1.Извод од ГУП на град Прилеп М=1:5000
2.Геодетски план за реамбулација М=1: 1000
3.Документациона основа(Анализа на постојна состојба) М= 1:1000

**В.ПЛАНИРАН РАЗВОЈ**

-текстуален дел

**А . Планиран развој**

1.Вовед
2.Граница и површина
3.Просторен концепт на Деталниот урбанистички план
3.1.Површина и намена
3.1.1.Домување-семејно домување во станбени куќи
3.1.2.Мали комерцијални и деловни дејности Б1
3.1.3.јавни институции Б5 (муслимански гробишта)
3.1.4.Регулација на водотеци
3.2.Парцелација и регулација
4. Инфраструктура
4.1. Сообраќајна инфраструктура-табеларни билансни показатели
4.2 Хидротехничка инфраструктура
4.2.1.Водоснабдување
4.2.2. Фекална канакизација
4.2.3.Дождовна канализација
4.2.4.Електроенергет ска инфраструктура
- Електрика
- телекомуникациска мрежа

5.Параметри за спроведување на ДУП за"локалитет Б"
6.Мислење од Републичка санитарна инспекција за понатамошна употреба на муслиманските гробишта лоцирани во опфатот на "модул 1"н. Тризла-Прилеп

**Графички дел**

1. План на намена на земјиштето и градбите М=1:1000
2. Регулационен план М=1:1000
3.План на површини за градење М= 1:1000
4.Сообраќаен план со нивелманско решение М=1:1000
5.Инфраструктура(електрика,водовод и канализација)
6.Функционална организација-Синтезен план со билансни показатели

**2.Извештај од извршена стручна ревизија на Нацрт Планот** од Јануари 2007г. изработена од " Ин-Пума " – ДОО - Скопје,заведена во Општина Прилеп под бр.03-123/3 од 30.01.2007год.

**3.Извештај за постапување по забелешките од стручната ревизија** бр.07-7/1 од 19.02.2007год.,од изработувачот на планот ,заведена во Општина Прилеп под бр.09-456/2 од 23.02.2007год.

**4.Стручно мислење бр.18-2109 од 19.03.2007год.** издадено од Министерство за трант и врски-Сектор за уреду. на просторот –Скопје.

**5.Извештај за постапување по забелешките од стручното мислење** изработен од страна на изработувачот на планот.

**Чл.3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број о7 – 1011/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
16.04.2007 год. на Советот на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ – УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО – ЗА ИНДУСТРИСКИ КОМПЛЕКС ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА МЕТАЛНИ КОНСТРУКЦИИ ВО МВ “ДОЛНО САДОВО” ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за утврдување на Нацрт – урбанистички план вон населено место – за индустриски комплекс за производство на метални конструкции во МВ “Долно Садово” во Општина Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1017/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
17.04.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 16.04.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на Нацрт Урбанистички план вон населено место- за индустриски комплекс за производство на метални кон струкции во м.в. “ Долно Садово” во Општина Прилеп**

**Чл.1**

Се утврдува **Нацрт на Урбанистички план вон населено место-за индустриски комплекс за производство на метални конструкции** на КП бр.4270,4271,4272 ,4273 и 4274 КО Прилеп,**м.в. “Долно Садово”**,во Општина Прилеп, како што е означено во графичките прилози кои се стоставен дел на оваа Одлука (во натамошниот текст: Планот).

Границата на опфатот на планот оди по границите на КП бр.4270,4271,4272,4273 и 4274 и се до регионалниот пат Р-106 –Прилеп – Битола, **или вака определениот опфат е со површина од 1,84ха**.

**Чл.2**

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

**1.Програма за донесување на урбанистички планови за 2007год.за 2007год.**

**2. Елаборат за Услови за планирање на просторот** ,техн.бр.26506 од Декември 2006год.,изработен од Агенција за планирање на просторот -Скопје.

**3.Решение за Услови за планирање на просторот** бр.15-5399/4 од 28.12.2006год.,издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање од Скопје.

**4. Урбанистички план вон населено место- за индустриски комплекс за производство на метални конструкции** на КП бр.4271,4272,4273 и 4274 КО Прилеп, м.в.”Долно Садово ” во Општина Прилеп- **фаза Нацрт план** ,техн.бр.02/07 од Февруари 2007год. изработен од ДООЕЛ”Стил Проект”од Прилеп, кој е составен од текстуален и графички дел.

**СОДРЖИНА**

-Општо
-Вовед
-Цел на изработка на планот
-Методологија на изработка на планот
-Граници на плански опфати површини

**А. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

- Регионална поставеност на комплексот и микролокациски услови
- Природни карактеристики
- Анализа на изграден фонд и инфраструктурна опременост на комплексот
- Насоки на просторен концепт и развој

**Б. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

- Намена на земјиште
- Површини за градба и висински план
- Урбанистичко архитектонски услови за градба
- Сообраќај
- Водовод и канализација
- Електрика и ПТТ
- Нумерички податоци за планирана состојба
- Општи и посебни услови за изградба

**В. ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

**Документациона основа**

**1.**Извод од Просторен план на РМ

**2.**Прегледна катра

**3.**Ажурирана геодетска подлога

**4.**Инвентаризација на постоен градежен фонд и постојна инфраструктура

**Планиран развој**

1.Планско решение на намена на земјиште

2.Планско решение на површините за градба

3.Планско решение за сообраќај и инфраструктура

4.Планско решение за сообраќај-детаљ

5. Планско решение за водовод и канализација

6.Планско решение за електрика и ПТТ

7.Збирен прилог на планските решенија – Синтезен приказ

**5.Извештај за извршена стручна ревизија** на нацрт урбанистички план вон населено место, **изработена од ДОО "Ин -Пума " од Скопје** од Февруари 2007год.

**6.Одговор на забелешките од** стручната ревизија – од изработувачот на планот **ДООЕЛ"Стил Проект"од Прилеп,** од Февруари 2007 год.

- **7.Стручно мислење бр.17-2537 од 22.03.2007год**. од МТВ-Сектор за уредување на просторот – Скопје.

**8.Извештај за постапување по забелешките од стручното мислење** ,изработен од ДООЕЛ "Стил Проект"од Прилеп.

**Чл.3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 – 1011/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
16.04.2007 год. на Советот на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаnџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА – ПРИЛЕП**

1. Решението за именување член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1017/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
17.04.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 48 став 3 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на РМ" бр. 50/96, 16/2000, 17/2003, 56/2004, 62/2005 и 111/2005), и член 26 став 1 точка 45 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата , одржана на 16.04.2007 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за именување член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Прилеп

1. За член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Прилеп, да биде именувана Наумоска Анета, дипломиран економист.

2. Решението да се достви до Градоначалникот на Општина Прилеп, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Прилеп, Владата на Република Македонија и архивата на Општина Прилеп.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 1011/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
16.04.2007 годи. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ 2 ЧЛЕНА ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈКП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" – ПРИЛЕП**

1. Решението за разрешување 2 члена од Управниот одбор на ЈКП "Водовод и канализација" – Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1017/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
17.04.2007 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 17 и 18 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96), член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 16.04.2007 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување членови на Управниот одбор на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп**

1. Жаклина Стојкоска и Звонко Трајкоски се разрешуваат од функцијата членови на Управниот одбор на ЈКП "Водовод и канализација" – Прилеп, именувани со Решение ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 9/2005), заради намалување на бројот на членовите на Управниот одбор од 9 на 7 члена.

2. Решението да се достави до именованите, ЈКП "Водовод и канализација", Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 1011/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
16.04.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА КВАРТАЛНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2007 ГОДИНА, ЗА ПРВ КВАРТАЛ**

1. Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2007 година, за прв квартал, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1017/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
17.04.2007 год. на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

***С О Д Р Ж И Н А***

*на “Службен гласник на Општина Прилеп”*
*број 6 од 17.04.2007 година*

1. Предлог – Решение за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП “Водовод и канализација” – Прилеп во 2006 година**..................................................................Стр. 1**

2.Предлог – Одлука за пренесување на правото за управување со сепаративна канализациона мрежа на делница од ул.”Архимедова”, од Општина Прилеп на ЈКП “Водовод и канализација” – Прилеп**....Стр. 2**

3.Предлог – Одлука за утврдување Нацарт – Детален урбанистички план за УАЕ број 4, дел од урбан блок 4/1 – Населба “Тризла” во Прилеп. **.........................................................................Стр. 2**

4.Предлог – Одлука за утврдување на Нацрт – урбанистички план вон населено место – за индустриски комплекс за производство на метални конструкции во МВ “Долно Садово” во Општина Прилеп. **..........................................................................................................Стр. 4**

5. Предлог – Решение за именување член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Прилеп. **..........................................................................................................Стр. 5**

6. Предлог Решение за разрешување 2 члена од Управниот одбор на ЈКП “Водовод и канализација” – Прилеп**..........................Стр. 6**

7. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2007 година, за прв квартал**............................................Стр. 7**

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.